14331

# ОДГЛАСИ—ПОВОДИ

14331

## ЗА ПЛЕНУМОТ НА ДЛУМ

Ние, долупотпишаните, сакаме да се оградиме од извесни тврдења изнесени во информацијата, од Пленумот на ДЛУМ, објавена под наслов — „Уметникот — творец но не и самоуправувач", во „Нова Македонија" од 17.I.1971 година.

Сакаме нашата јавност да знае дека сме ние од оној „мал дел" (како што е спомнато во информацијата) кои не сакале да се согласат со, на пример, такви „факти" какви што се:... дека раководителот на Уметничката галерија, академикот Никола Мартиноски (после 40 години уметничка активност и 22 години раководење на институцијата на која основна цел и било колекционирањето и презентирање на македонската ликовна уметност), заедн со раководителот на Музејот на современа уметност Борис Петковски) дипломирал историја на уметноста 1956 година, директор на МСУ од 1964 година, од кое време се имаат собрано преку 2200 ликовни дела од уметниците од целиот свет, кој успеал за тоа време — додека се изгради величествената зграда на Музејот — да реализира 143 изложби, и кој има објавено преку 200 критики, есеи, написи и др. од подрачјето на ликовната уметност, дека биле без квалификации за раководење на соодветните институции и за арбитрирање на уметнички вредности.

Точно е тоа дека ние стоиме на спротивното.

Не завлегувајќи во други неточности и парадокси (изнесени во написот), сакаме само да напомнеме дека на наводниот Пленум не можело да бидат донесени никакви официјални заклучоци, уште помалу смееле да бидат публикувани во јавните гласила, бидејќи наведените заклучоци се неважечки, од прости правни причини што наводниот Пленум немал кворум за да почне и да се одржи.

**Димитар Кондовски**
**Петар Хаџи-Бошков**
**Ристо Колчевски**